Архивски број: 08-57/1
10-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-800/1 од 8.11.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, против СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен"- Скопје и [redacted], за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи и образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 9.1.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи и образование сторена од страна на СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен"- Скопје и [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-800/1 од 8.11.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи и образование, од страна на СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен"- Скопје и [redacted]

Согласно наводите од претставката, од страна на СЕПУГС ,,Васил Антевски - Дрен" на 3.10.023 година бил објавен Конкурс за избор на наставник за правни предмети со 22 наставни часови односно 40 работни часови неделно на определено работно време до 31.8.2024 година во дневните весници ,,Нова Македонија" и ,,Коха". Подносителката наведува дека на предметниот оглас се пријавила таа, како и избраната кандидатка [redacted] Притоа, истакнува дека избраната кандидатка е несоодветна за наведениот оглас за вработување од причина што не го положила стручниот испит за наставници во средно образование. Оттука, истакнувајќи го фактот дека избраната кандидатка не ги исполнува сите услови за да биде соодветна за конкретното работно место, во претставката е наведено дека за разлика од нејзе, подносителката ги поседува и исполнува сите квалификациски услови, го има положено стручниот испит, а дополнително повеќе од 10 години била вработена на предметното работно место, со што тврди дека има повеќе искуство, знаење и познавање на предметната настава.

Во продолжение на претставката, подносителката истакнува дека ,,Во разговор со директорката, истата во однос на изборот пред да биде распишан огласот и кога поднесов барање за трансформација на работниот однос, ми кажа ,,А зошто не те средија од твојата партија?". Со таквата нејзина изјава и однос, се отвори сомнеж дека по барањето за трансформација и подоцна изборот на кандидат за вработување, директорката ќе се раководи од политичкото уверување, а не од објективното избирање а најсоодветниот кандидат. По таквите настани разбрав дека

всушност избраната кандидатка е избрана врз основа на политичка припадност и уверување блиско до директорката, додека јас како политички неопределена не сум избрана на јавниот оглас. "

Подносителката смета дека изборот на кандидат за наставник е без никаков критериум и дека не се запазени законските услови за наведениот избор кои се бараа во објавениот оглас. Дополнително на ова, наведува дека на доставеното известување за одлука за избор на кандидат за наставник по правни предмети нема правна поука по однос на нејзините права кои ги има согласно ЗРО.

На крајот на претставката, подносителката наведува дека се обратила и до Државен просветен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Инспекциски совет и Град Скопје – градоначалник и сектор за средно образование.

Во прилог на самата претставка се доставени:

- **Записник од извршен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат бр. 03-1460/1 од 13.11.2023 година** - во конкретниот случај е утврдено дека избраната кандидатка доставила дипломи за завршени додипломски и постдипломски студии по право, уверение за државјанство, доказ сертификат за стекната педагошко-психолошко и методика подготовка, меѓутоа не доставила доказ за положен стручен испит. Од друга страна, подносителката [redacted] е единствената кандидатка која доставила доказ за положен стручен испит, дополнително на дипломите за завршени додипломски и постдипломски студии по право, уверението за државјанство и уверението за положени испити за педагошко-психолошка и методска подготовка. По одржаната седница на училишниот одбор, било предложена кандидатката без положен стручен испит, следствено на што директорката на училиштето донела Одлука за склучување договор за вработување, односно бил склучен договор за вработување на неопределено време на 13.10.2023 година помеѓу училиштето и кандидатката без положен стручен испит. Оттука, Државниот просветен инспекторат констатира неправилности при изборот на наставник по правни предмети со 22 наставни часа по објавен јавен оглас за вработување во СЕПУГС Васил Антевски-Дрен Скопје, односно констатира дека училишниот одбор предложил, а директорката извршила избор на наставник без положен стручен испит, и покрај фактот што на огласот се пријавила кандидатка – подносителката на претставката за заштита од дискриминација која го имала положено потребниот стручен испит и во целост ги исполнува условите пропишани во член 3 став 1 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Следствено на ова, поради констатираните пропусти при вонредниот инспекциски надзор, Државниот просветен инспекторат донесе Решение со наредени мерки и рок за постапување;
- **Решение на Државен просветен инспекторат бр. 03-1460/2 од 13.11.2023 година** – со кое се наредува на СЕПУГС Васил Антевски – Дрен Скопје да изврши соодветен избор од пријавените кандидати на јавниот оглас за вработување објавен на 3.10.2023 година;
- Известување за избор бр. 04-1253/2 од 16.10.2023 година;
- Приговор на известување за избор бр. 04-1342/1 од 25.10.2023 година;
- Одговор на доставен приговор на известување за избор бр. 04-1342/2 од 6.11.2023 година, издаден од СЕПУГС Васил Антевски – Дрен;
- Барање за трансформација на работен однос бр. 04-390/1 од 15.3.2023 година;
- Известување бр. 04-390/2 од 5.4.2023 година;
- Барање за трансформација на работен однос бр. 04-980/1 од 31.8.2023 година;
- Известување бр. 04-980/2 од 12.9.2023 година;
- Записник на Државен просветен инспекторат за извршен инспекциски надзор врз ООУ ,,Димката Ангелов Габерот" – с. Ваташа, Кавадарци.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.11.2023 година испрати Известување бр. 08-800/3 за произнесување по наводите од претставката до СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен"- Скопје и [redacted]

На ден 6.12.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен"- Скопје [redacted] како одговор на претставката. Од училиштето тврдат дека претставката за заштита од дискриминација е неоснована во целост, како и нејасна, со тоа што од неа не може со сигурност да се заклучи врз кој основ и за каков вид на дискриминација станува збор. Во продолжение на произнесувањето се тврди дека нема никакви наводи од кои би се утврдило било каков вид на политичка дискриминација, со тоа што е наведено дека подносителката, во периодот кога била вработена ги имала истите права како и останатите вработени наставници. Во оваа насока, наведено е дека подносителката на претставката била учесник на мобилност во програмата Еразмус плус во Романија за која и биле платени патни трошоци и хотелско сместување, дополнително на исплатената индивидуална поддршка што и следи во износ од 14.400 денари, за што во прилог на произнесувањето доставен е примерок од трезорски налог согласно договорот за ангажирање на проект. Во врска со ова, наведени се и неколку обуки на кои подносителката на претставката присуствувала во својство на вработена во СЕПУГС Васил Антевски-Дрен.

Во однос на наводите на подносителката согласно кои директорката на училиштето и кажала „А зошто не те средиле од твојата партија?", во одговорот на претставката се тврди дека ваквите наводи не се точни и се неосновани, при што директорката на училиштето тврди дека никогаш не и упатила вакви зборови на подносителката и дека ваквата изјава е измислена.

Во произнесувањето директорката на училиштето истакнува дека на 28.6.2023 година, при доаѓањето на работното место била затекната во училишниот двор од непознато лице за кое тврди дека било испратено од страна на подносителката на претставката со цел да и упати закани и предупредувања за да изврши притисок за трансформирање на нејзиниот работен однос. Во врска со ваквите наводи, кон произнесувањето се приложени службена белешка од пријавениот настан во училиштето, изјава од лицето кое било ангажирано за обезбедување на училиштето, фотографии од лицето-заканувач и потврда од ПС Кисела Вода за пријавениот настан.

Во однос на наводите дека избраната кандидатка не е соодветна, од училиштето одговараат дека станува збор за лице кое е избрано на конкурс од причина што ги исполнувало законските услови во целост за засновање на работен однос на определено работно време. Во продолжение, истакнато е дека во врска со извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, избраната кандидатка [redacted] поднела претставка до Народниот правобранител на РСМ, при што истиот со Известување бр. 03-11472/1 од 16.11.2023 година констатирал дека *„Покрај тоа, а со оглед на тоа што во случајов оправдано може да се постави прашањето за тоа дали Државниот просветен инспекторат правилно и потполно ја утврдил правната и фактичката состојба по однос на конкретново вработување, како и дали постапил во рамки на законски определените овластувања и надлежности или не, Народниот правобранител во согласност со овластувањата од одредбите од член 33 став 1 алинеја 2 од Законот за народниот правобранител од Училиштето бара времено да го одложи престанокот на работниот однос на подносителката во однос на оваа претставка на Николина Киркова од Скопје".*

Дополнително, од страна на училиштето е наведено дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да го преиспитува случајот околу вработувањето на кандидат по објавен оглас, по што во продолжение го потврдува наведеното во претставката за заштита од дискриминација дека изборот на кандидат е извршен по предлог на училишниот одбор. Во однос на решението донесено од страна на Државниот просветен инспекторат, од училиштето тврдат дека истото е неосновано и спротивно на законската одредба предвидена во член 3 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта која предвидува дека по исклучок од ставот 1 алинеја 2 од овој член, за наставник во основно и средно образование може да биде избрано лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршување на тековната учебна година и под менторство на наставник ментор определен од училиштето. Дополнително е наведено дека, имајќи предвид дека станува збор за оглас за вработување за пополнување на работно место на определено време до 31.8.2024 година, директорот не е обврзан да го прими кандидатот кој го има положено стручниот испит, од причина што во Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта не е предвидена таква обврска.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека подносителката на претставката континуирано го попречува тековното работење на училиштето од почетокот на учебната 2023/2024 година со поднесување на вкупно 5 претставки до различни државни институции, како и останати претставки кои биле поднесени анонимно. Оттука, наведено е дека на подносителката никогаш не и биле нарушени никакви права, дополнително на фактот дека со престанокот на нејзиниот работен однос поради истек на важноста на Договорот за вработување на определено време до 31.8.2023 година, таа не поднела приговор до Училишниот одбор, а решението за престанок на работно однос било лично потпишано од нејзина страна.

Во прилог на одговорот беше доставена следната документација:

- Решение за престанок на работниот однос бр. 04-973/1 од 31.8.2023 година;
- Потврда за работен однос на определено време бр. 03-101/185 од 31.8.2023 година;
- Записник на Државен просветен инспекторат од извршен инспекциски надзор бр. 03-1471/1 од 16.11.2023 година, во кој не се утврдени никакви неправилности во работењето на СЕПУГС Васил Антевски-Дрен;
- Приговор на решение поднесен од [redacted] бр. 04-1512/1 од 28.11.2023 година;
- Записник на Државен инспекторат за труд од извршен инспекциски надзор бр. 09-01 од 29.9.2023 година;
- Записник на Државен просветен инспекторат за извршен инспекциски надзор бр. 03-1325/1 од 18.10 2023 година;
- Приговор на известување за избор од [redacted] бр. 04-1342/1 од 25.10.2023 година;
- Одговор на приговор бр.04-1342/2 од 6.11.2023 година;
- Предлог за избор на кандидати за наставници и стручен соработник за настава на македонски наставен јазик на определено работно време за учебната 2023/2024 година бр. 02-1265/3 од 10.10.2023 година;
- Договор за ангажирање во проект ,,Култура, Креативност, Инклузија" бр. 10-443/1 од 29.3.2023 година;
- Извештај од трезорски налог;
- Потврда за пријава издадена од Биро за јавна безбедност СВР Скопје ПС Кисела Вода;
- Изјава од лице вработено во Агенција за обезбедување имот и лица;
- Фотографии од видео камера за надзор на училишниот двор;
- Службена белешка бр. 03-773/1 од 28.6.2023 година;
- Списоци за присуство на обуки;

- Барање за објаснување, информации и докази за наводите во претставката поднесена до Народен правобранител на РСМ бр. 03-1472/1 од 16.11.2023 година.

Поради недоволни факти и околности во одговорот од училиштето, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 19.12.2023 година испрати Известување бр. 08-800/7 за произнесување со кое го префрли товарот на докажување на СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен" Скопје и [redacted] Со известувањето, Комисијата побара од училиштето да ги побијат тврдењата за сторена дискриминација, односно да се произнесат во детали во врска наводите од претставката согласно кои подносителката е дискриминирана поради нејзиното неутрално политичко уверување.

На ден 29.12.2023 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за произнесување по наводите од претставката арх. бр. 08-800/9.

Во одговорот на училиштето целосно се отфрлаат наводите за дискриминација врз основ на политичка припадност и личен и општествен статус, при што во прилог на истиот се доставени и двете барања за трансформација на работниот однос на подносителката и одговорите на предметните барања од страна на училиштето. Во врска со ова, од страна на училиштето тврдат дека доколку се направи увид во одговорите, може да се утврди дека подносителката на претставката не дала никакви забелешки на доставените одговори, туку неколку месеци по нивниот прием, откако не била избрана на објавениот оглас, тенденциозно измислила наводи кои се истакнати во претставката за заштита од дискриминација.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен" Скопје и [redacted]. Вака утврдената дискриминација е врз основа на фактот што товарот на докажување беше префрлен, но потенцијалниот дискриминатор не успеа да го докаже спротивното од тврдењето на подносителката истакнато во наводите на претставката за заштита од дискриминација. Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има надлежности кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација да постапува по предметната претставка, при што утврди дека изборот на кандидат по јавниот оглас објавен на 3.10.2023 година за наставник по правни предмети за 22 наставни часа, според наводите на Државниот просветен инспекторат, бил извршен на начин што една кандидатка добила предност во однос на подносителката на претставката со што на подносителката и било прекршено правото на еднаквост врз основа на лично својство и општествен статус и нејзиното политичко уверување, што претставува директна дискриминација.

Потребните квалификации за едно лице да биде избрано за наставник во средно училиште се уредени согласно член 3 став 1 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник број: 161/2019), кој гласи:

*,,(1) Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:*
*- има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.*

***- има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж,***
*- е државјанин на Република Северна Македонија,*
*- го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата."*

Дополнително, став 3 од претходно споменатиот член гласи:

*,,(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 2 на овој член, наставник во основно, односно средно училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето."*

Согласно Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр. 03-1460/1 од 13.11.2023 година, Државниот просветен инспекторат констатирал дека член 3 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта *,,се применува само по исклучок, значи во случај кога на оглас ќе се јават само кандидати кои немаат положено стручен испит, а во случајот кандидатот* [redacted] *има положено стручен испит."*

Имено, Комисијата утврди дека СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен" Скопје, при извршувањето на изборот на кандидат за наставник по правни предмети со 22 наставни часа, истото не го направило согласно законски бараните услови, односно избрало кандидатка без положен стручен испит, имајќи го во предвид фактот што подносителката на претставката за заштита од дискриминација, [redacted] била единствената пријавена кандидатка со потребниот положен стручен испит. Дополнително на ова, СЕПУГС ,,Васил Антевски – Дрен" Скопје и [redacted] не успеаја да ги побијат наводите од поднесената претставка, и покрај префрлениот товар на докажување согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Следствено на ова, согласно донесеното Решение бр. 03-1460/2 на Државниот просветен инспекторат, СЕПУГС ,,Васил Антевски – Дрен" беше задолжено да изврши соодветен избор од пријавените кандидати на јавниот оглас за вработување објавен на 3.10.2023 година, во рок од 8 дена од донесувањето на предметното решение. Пропуштајќи да постапат по горespоменатото Решение на Државниот просветен инспекторат, тие сториле директна дискриминација врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дискриминација врз основа на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен" Скопје и [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен" Скопје и [redacted] да извршат избор од пријавените кандидати на јавниот оглас за вработување објавен на 3.10.2023 година за наставник по правни предмети за 22 наставни часа, во правец да ја отстрани извршената дискриминација и постапувајќи согласно наредбата од Решението бр. 03-1460/2 од 13.11.2023 година донесено од страна на Државниот просветен инспекторат, да го изберат кандидатот кој ги исполнува законски утврдените услови, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и за истото писмено да ја известат Комисијата**.

Доколку СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен " Скопје и [redacted] не постапат согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
10.1.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен", Скопје ул. ,,Вера Јоциќ" бр. 4, 1000 Скопје